СООПШТЕНИЕ

Поддршка на културата

# Гостите на „Охридско лето“ и оваа година ќе уживаат во врвните вина на „Тиквеш“

Охрид, 13 јули 2016 – И оваа година, винарската визба „Тиквеш“ е поддржувач и партнер на најголемата и една од најзначајните музичко-сценски манифестациии во земјава „Охридско лето“.

Доброто вино и уметноста отсекогаш совршено се надополнувале. Таков е случајот и со вината на „Тиквеш“ кои традиционално, секоја година, се неизбежен дел од „Охридско лето“, идеално вклопувајќи се во совршениот фестивалски амбиент на Охрид.

На свеченото отворање на годинешното 56-то издание на „Охридско лето“, кое се одржа вчеравечер (12-ти јули), славните светски уметници – оперската дива Елена Гаранча и диригентот Ион Марин, заедно со бројните видни гости од сите области од општествениот живот на земјата, имаа можност да се уверат дека во Македонија, покрај негувањето на исклучителните културни и духовни вредности, се произведуват и вина со врвен квалитет, уникатност и автентичност.

Поддршката на фестивалот „Охридско лето“ е дел од корпоративната култура на винарската визба „Тиквеш“ која меѓудругото се темели и на промоција на вистински вредности кои имаат големо значење за земјата, но и за целиот свет, какви што се манифестациите: „Охридско лето“, Скопскиот џез фестивал, фестивалот на филмската камера „Браќа Манаки“, Скопскиот филмски фестивал, како и многубројните претставувања на македонски уметници во земјата и странство.

За дополнителни информации:
Винарска визба „Тиквеш“ (комуникации), тел. +389 2 3181 741
ImagePR, +389 (0)2 3290 486; office@imagepr.com.mk